VDL BUS GROUP

АПЛИЦИРАЈ ДЕНЕС И СТАНИ ДЕЛ ОД НАШИОТ ТИМ!

Испратете го Вашето CV (работна биографија) на: **https://www.vdlvanhool.com/mk/karieri**
или
контактирајте нѐ директно на: **070 333 299** (повик / порака).

ВДЛ БУС МАКЕДОНИЈА е дел од холандската Групација ВДЛ. Компанијата дојде во земјава во **2012 година** кога ја изгради и фабриката во Технолошко индустриската развојна зона Скопје2 во Бунарџик, со што ја врати традицијата на автобуската индустрија во земјата.

Денес повеќе од **1100 вработени** работат во фабриката со површина од **78.000 м2**, произведувајќи автобуси за пребирливите, со почитување на строгите стандарди и критериуми на европските и северноамериканските пазари. Од самиот почеток постојано вложуваме напори дел од своите вградени компоненти да ги обезбедиме од локални извори. Денес ВДЛ Ван Хоол Македонија е сериозен партнер на повеќе од 20 домашни фирми, а во повеќето од нив самата компанија има вложено во нивното знаење со цел да им помогне да станат добавувачи на врвна светски позната компанија.

За растечките потреби на нашиот производен капацитет, лоциран во Технолошко Индустриската Развојна Зона – Скопје2, во Бунарџик / Илинден отвораме ново работно место за следнава позиција:

РАБОТНА ПОЗИЦИЈА: ИНСПЕКТОР ЗА КВАЛИТЕТ

РАБОТНИ ЗАДАЧИ:

- Одговорност за проверките во производтсво (точки на задржување) одредени од квалити сервисот;
- Известување и истражување за неправилностите и предлагање корективни и превентивни акции;
- Прием и спроведување на пријавени неисправни делови и подготовка на потребната документација;
- Следење на примена на системот за квалитет во сите оддели во производството преку псотојани инспекции и ревизии;
- Способност да прави димензионални и други мерења (тврдина на материјал, дебелнина на боја и др.), согласно барањата на процесот на производство на автобуси;
- Одговорност за финална контрола на квалитет на автобус: Проверка на контролната книга, функционалноста, тест возење, воден тест, реинспекција после поправањето на најдените забелешки;
- Одговорност за преглед на влезните материјали - стоки и забелешки.

VDL BUS GROUP

ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:

- ВСС Машински факултет;
- Солидно познавање на англиски јазик;
- Способност за прецизна работа со детали;
- Поседување возачка дозвола од Д категорија ќе се смета за предност.

ШТО НУДИМЕ:

- Компетитивни месечни примања на пазарот на труд во РСМ плус минат труд;
- Меѓународно опкружување со многу можности за учење, развој и раст;
- Можности за обука во странство;
- Можност за стекнување на меѓународно препознаени сертификати за стекнати професионални вештини;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Одлично лидерство, позитивна и охрабрувачка работна средина и организациска култура;
- Раст на платата минимум еднаш годишно според успехот;
- Регрес (23.100 денари);
- 24/7 дополнително осигурување од незгода;
- Бесплатен топол оброк со избор на повеќе менија во кантина со ресторански стандард;
- Обезбеден превоз до/од работното место;
- “Купи со попуст” - одобрени попусти за вработени во одредени продажни места;
- Бонус за препорачан пријател на работа;
- Тим билдинг активности.

Ќе бидат исконтактирани само кандидатите кои ќе продолжат во следната фаза на селекцијата.

Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.